**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДОТ ВО 2010 ГОДИНА

**Вид на материјалот** 01- Су. бр. 2/2011
**Годишен извештај** 31.01.2011 година

## 1.1. **<u>Појаснување за начинот на изготвување на Годишниот извештај</u>**

Годишниот извештај за 2010 година е изработен во согласност со Заклучоците на Судскиот совет на РМ, бр.07-2623/1 од 15.09.2009 година, едукациите на Судскиот совет на РМ одржани на 19.09.2009 година, 25.12.2009 година, 25.06.2010 година и на 22.10.2010 година, како и врз основа на известувањето на Апелациониот суд Скопје, 03.VI.Су.бр.55/2010 од 02.02.2010 година, а според кое сите табели, кои години по ред се изготвуваа за потребите на извештаите, повеќе нема потреба да бидат изготвувани, а табеларниот приказ на состојбите со решавањето на предметите по судии треба да биде искажан единствено преку образецот за оценување на работата на судиите, инаку изготвен од Судскиот совет на РМ.

Ориентационата норма на судиите е пресметана во согласност со Одлуката на Врховниот суд на РМ за ориентациона норма за судиското работење за 2009 година, инаку донесена на општа седница на Врховниот суд одржана на ден 26.05.2009 година. Параметрите содржани во оваа одлука се соодветно вградени во Образецот за оценка на судиското работење, кој Ви го доставуваме во електронска форма на ЦД.

Во согласност со едукациите и заклучоците на Судскиот совет на РМ, извештаите за периодот од јануари до септември 2010 година се изработени со поодделно евидентирање на чисто нерешените предмети и укинатите предмети со тоа што обемот на предмети во работа за овие месеци е прикажан исклучиво преку чисто нерешените предмети во работа, според кои исклучиво и се цени совладувањето на ориентационата норма за оцена на судиите.

Со електронска пошта од 08.11.2010 година до овој суд е доставен образецот за оценка на судиското работење верзија 14 со која дојде до измена во евидентирањето на податоците. Поконкретно, во образецот во редовите од број 3 до број 10 каде се евидентирани сумарните податоци за судот сумарно и автоматски се прикажани и се сметаат и чисто нерешените и укинатите предмети. Во делот од образецот каде поодделно е прикажана работата по оддели од редовите од број 150 до број 225(зелениот дел) работата на одделите е прикажана само преку чисто нерешените предмети без укинатите предмети. Додека пак, во делот од образецот од редовите од број 226 до број 234(сивиот дел) се прикажани сумарно сите укинати предмети од Апелациониот суд Скопје , а не по оддели.

## 2. **<u>Кус осврт кон обемот на работа во 2010 година</u>**.

2010 година судот ја започна со 568.606 нерешени предмети (без укинатите предмети). Во текот на 2010 година примени се 173.570 предмети, а решени се 393.542 предмети(без укинатите предмети).

На ниво на судот е совладан годишниот прилив и тоа за 227%.

Состојбата по оддели и видови на предмети во поглед на совладувањето на приливот на годишно ниво е следна. Совладан е приливот во одделот за имотни спорови, трговски спорови, одделот за стечај и ликвидација, извршниот оддел, одделот за платни налози како и за регистрации на политички партии, верски заедници, цркви и религиозни групи. Само во одделот за семејни спорови и мала вредност, одделот за работни спорови и одделот за оставински и ВПП предмети не е совладан приливот, но тоа не ја нарушува состојбата на судот на годишно ниво.

Од посебно значење е фактот што во споредба со податоците за 2009 година, бројот на решени предмети е зголемен за 293.246 предмети или за 74,5%. Имено, во 2009 година биле решени вкупно 100.296 предмети(без укинатите предмети), а во текот на 2010 година се решени вкупно 393.542 предмети и тоа без укинатите предмети.

Инаку состојбата со укинатите предмети на ниво на судот за 2010 година е следна. Вкупно во работа во текот на 2010 година биле 1.349 укинати предмети од Апелационен суд Скопје, а 33 биле укинати предмети од Врховен суд на РМ. Од нив решени биле 728 укинати предмети од Апелационен суд Скопје, а 7 биле решени укинати од Врховен суд на РМ.Останале нерешени 621 укинати предмети од Апелационен суд Скопје, а 26 останале нерешени укинати од Врховен суд на РМ.

Од наведените податоци следува дека сумарните податоци кои автоматски се внесуваат во табеларниот образец за 2010 година односно и чисто нерешените и укинатите предмети не даваат резултат на значително отстапување бидејќи се работи за мал број на укинати предмети дури ни 1000 што во поглед на останатите чисти предмети е сосема незначително и не ја нарушува успешноста во работата на Основен суд Скопје II Скопје.

## II. <u>Претседател на судот</u>

1. **<u>Претседател на судот</u>** е Беќир Шаини, судија во овој суд.

2.**<u>Податоци за постапувањето на претседателот</u>**

Во текот на 2010 година претседателот во работа имал 1.714 ППНИ предмети во согласност со новиот Закон за извршување. Претседателот на судот во текот на истата 2010 година решил 1630 ППНИ предмети, а на крајот на 2010 година останале 84 нерешени ППНИ предмети кај претседателот на судот или решил 95% од вкупниот фонд на вакви предмети во работа.

3.**<u>Квалитет на одлуките-ППНИ</u>** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, 298 предмети односно 89,2% од одлуките се потврдени, а 36 предмети односно 10,8 % од одлуките се преиначени.

Во споредба со податоците за 2009 година кога 87,37% од одлуките биле потврдени, 0,5 % биле укинати, а 12,12 % биле преиначени, следува дека постои подобрување и тоа конкретно зголемен е бројот на потврдените предмети за 1,83%. Во 2010 година воопшто нема укинати предмети, а во поглед на преиначените одлуки намален е бројот и тоа за 1,32%.

Претседателот на судот издал и 7.464 апостили-заверки. Претседателот постапил и по 224 барања за изземања на судиите на овој суд по конкретни предмети, односно по барања за изземања поднесени во врска со работата на нотарите како судски повереници по оставински предмети.

Во 2010 година претседателот постапил по 727 писмени претставки и предлози, упатени до него на институционално ниво и до други органи и институции од областа на правосудството и заштитата на човековите права. Претседателот на судот внимателно ги разгледуваше наводите во сите претставки и поплаки и достави образложени и детални одговори до сите подносители, а во рамките на своите законски овластувања, со своите конкретни заложби придонесе за забрзување на постапувањата по предметите и донесувањето на одлуките.

Претседателот на судот преку Комисијата за решавање на заостатокот на старите нерешени предмети, чиј претседател е и преку редовни колегиуми со сите судии, како и преку редовни седници на сите оддели во рамките на своите законски овластувања, со своите конкретни заложби придонесе за намалување на старите нерешени предмети.

По однос на реализирањето на распоредот за работа на судиите и отсуствата на судиите, претседателот на судот редовно реагираше на сите промени и преземаше конкретни мерки за да не дојде до застој во постапувањето по предметите. Конкретно, при подолго боледување на судиите претседателот определуваше да не се примаат и евидентират нови предмети кај тој судија, а и итните предмети ги распоредуваше во постапување на други судии.

Како резултат на напорите на претседателот на судот за целосно спроведување на судските реформи во однос на извршните предмети, а со разбирање од Врховниот суд на РМ и Судскиот совет на РМ, во овој суд се делегирани 2 судии за период од една година и тие веднаш се распоредени во одделот за извршни предмети. Во одделот за извршни предмети веќе се прават сите подготовки за успешен трансфер на извршните предмети кај извршителите, кој ќе започне на 01.07.2011 година, а во согласност со измените на Законот за извршување. Се прави обемен и детален попис на сите извршни предмети, се попишуваат сите преземени извршни дејствија и списи во конкретниот предмет, како и трошоците кои се наплатени во судот.

Како резултат на напорите на претседателот на судот остварено е значително подобрување во поглед на кадровската екипираност на судот. Имено, пополнети се сите предвидени места за судски референти-записничари, како и речиси сите места за помлади судски референти-доставувачи.

Претседателот на судот раководеше со проектот за внесување и електронско евидентирање на сите судски предмети во Автоматизираниот компјутерски систем за водење судски предмети, кои со зголемени напори на сите вработени во судот се

внесени уште во текот на 2009 година. Како резултат на овие напори од 01.01.2010 година во овој суд успешно отпочна имплементацијата на Автоматизираниот компјутерски систем за водење судски предмети (**ACCMIS**), кој се реализира со подршка на USAID-DPK, а во согласност со измените на Судскиот деловник донесени на 28.12.2009 година.

Во 2010 година продолжија напорите за оптимално опремување на судот со компјутерска и друга опрема. Конкретно во февруари 2010 година е реализирана донација од USAID на 180 современи компјутери, а претходно во јануари 2010 годин а од USAID се примени 42 LCD монитори и 42 РАМ мемории за станици.

Во 2010 година претседателот на судот овозможи да продолжи да функционира канцеларијата за односи со јавноста, со што се елиминираше појавата граѓаните да талкаат без насока од еден шалтер до друг и овозможи тие на едно место да добијат информација на кој начин можат да го остварат своето право, каде да се обратат и какви документи треба да приложат.

На веб страницата на Основниот суд Скопје II Скопје секојдневно се објавуваат голем број судски одлуки донесени од овој суд. При објавувањето покрај начелото на транспарентност на судовите максимално се запазува и да се објавуваат пресуди од значење за судската пракса и правната наука воопшто. Во функција на објавувањето на судски одлуки, со примена на правилникот и упатството за начинот на аноминизацијата на судските одлуки донесени од Врховниот суд на РМ оформен е и тим кој работи под непосредна контрола и координација на судски советник од овој суд. Би сакале да истакнеме дека заклучно со ноември 2009 додина беа објавени над 320 пресуди, додека на крајот на 2010 година се објавени околу 1250 одлуки, што и покрај недоволните ресурси во судот сепак укажува на посветеноста и ажурноста на овој суд.

## III. <u>Оддел за граѓански парнични предмети</u>

1.**<u>Претседател на одделот</u>** за граѓански парнични предмети е судијата Љубица Колиќ, а до 14.05.2010 година беше Јованка Спировска-Панева.

2. **<u>Персонални промени во одделот</u>**

Судијата Милка Панговска постапуваше во овој оддел до 22.04.2010 година, кога змина во старосна пензија. Судијата Ирена Антоска е избрана за судија на овој суд на ден 10.06.2010 година, по што е распоредена да постапува во овој оддел. Судијата Емилија Шопар Јовановска во овој оддел постапува од 01.09.2010 година. Судијата Мелек Алија Елези е избрана за судија на овој суд на ден 13.09.2010 година, по што е распоредена да постапува во овој оддел. Судијата Јованка Никодиновска во овој оддел постапуваше се до 07.12.2010 година, кога беше избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.

Судијата Лидија Крстевска постапува по предмети од мала вредност од 14.05.2010 година, а претходно постапуваше по предмети од редовна парница. Судијата Нухи Рустеми и судијата Милка С. Дракалска постапуваа во одделот за мала вредност

од 14.05.2010 година, а судијата Милка С. Дракалска заклучно до 10.06.2010 година, кога беше избрана за судија на Апелациониот суд Скопје. Судијата Лидија Тасева постапува по предмети од мала вредност од 17.05.2010 година, а претходно постапуваше по предмети од редовна парница. Судијата Јорданка Клетничка постапува во одделот за мала вредност од 15.06.2010 година. Судијата Весна Калковска постапува по предмети од мала вредност од 05.07.2010 година, а претходно постапуваше по предмети од редовна парница. Судијата Лиљана Крстевска постапува по предмети од мала вредност од 20.09.2010 година, а претходно постапуваше по предмети од редовна парница.

3. **Кус осврт кон резултатите на одделот**

2010 година овој оддел ја започна со 10.136 нерешени предмети (без укинатите). Во текот на 2010 година примени се вкупно 11.566 предмети, решени се 9.436 предмети(без укинатите), а на крајот на 2010 година остануваат нерешени вкупно 12.266 предмети(без укинатите), од што следува дека приливот на годишно ниво не е совладан за 2.130 предмети или за 19%.

Во споредба со податоците за 2009 година кога биле решени 9.708 предмети, следува дека постои незначително отстапување на бројот на решени предмети за 272 предмети или за 3 %.

3-1. Од 14.05.2010 година одделот за граѓански парнични предмети беше поделен на два оддели и тоа на **оддел за имотни спорови и оддел за семејни спорови и спорови од мала вредност**.

Претседател на одделот за имотни спорови е судијата Љубица Колиќ.

Претседател на одделот за семејни спорови и спорови од мала вредност е судија Ѓорѓи Радојков.

Споредувано по одделни видови предмети (имотни спорови од проширена надлежност, семејни спорови и предмети од мала вредност), состојбата за 2010 година е следна. Имено, од вкупно 9.934 имотни спорови во работа(без укинатите) во текот на 2010 година, решени се 4.593 предмети(без укинатите) во текот на 2010 година, а на крајот на декември 2010 година останале нерешени 5.341 имотни спорови(без укинатите). Од вкупно 1.734 семејни спорови во работа(без укинатите) во текот на 2010 година, решени се 1.218 предмети(без укинатите) во текот на 2010 година, а на крајот на декември останале нерешени 516 семејни спорови(без укинатите). Од предметите од мала вредност и тоа од вкупно 10.034 предмети во работа(без укинатите) во текот на 2010 година, решени се 3.625 предмети(без укинатите), а на крајот на декември останале нерешени 6.409 предмети од мала вредност(без укинатите).

Од изложеното следува дека приливот е совладан кај имотните спорови за кои се знае дека се едни од посложените, а сепак се решаваат во голем интуизитет, а додека приливот не совладан кај семејните спорови и кај предметите од мала вредност и тоа се одразува на несовладување на приливот на ниво на одделот за граѓански парнични предмети.

Меѓутоа, огромниот прилив на нови предмети и објективно не можеше да биде совладан, посебно во услови кога се поднесуваа огромен број на тужби наеднаш. Огромниот прилив се должи и на зголемениот граѓанско-правен интерес за поднесување на вакви тужби.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 651 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје и 9 предмети-укинати од Врховен суд на РМ. Решени се 303 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје, како и 1 предмет- укинат од Врховен суд на РМ. Останале нерешени вкупно се 356 укинати предмети, од кои 348 се од Апелационен суд Скопје и 8 од Врховен суд на РМ.

Намален е бројот на старите нерешени предмети. Имено, од вкупно 4.304 стари предмети во работа во текот на 2010 година, решени се 2.415, а останале нерешени само 1.889 стари предмети.

4. **Квалитет на донесените одлуки** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје-Скопје.

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, односно 69,6 % од одлуките се потврдени, 20,5 % се укинати, 2 % се делумно укинати, а 7,9 % се преиначени. Во споредба со податоците за 2009 година (кога 67,1 % од одлуките биле потврдени, 22,7 % од одлуките биле укинати, 1,2 % од одлуките биле делумно укинат, а 9% од одлуките биле преиначени) постои подобрување во делот на потврдените одлуки: за 2,5% е зголемен процентот на потврдените одлуки, постои подобрување во делот на укинатите одлуки –за 2,2% е намален процентот на укинати одлуки, а исто така постои подобрување во делот на преиначени одлуки-за1,1%е намален процентот на преиначени одлуки.. По однос на делумно укинатите одлуки постои незначително отстапување од изразените проценти за 2010 година.

5. **Боледувања на судии од одделот**

Судијата Артан Лимани бил на боледување од 28.01.2010 година до 11.02.2010 година. Судијата Тања Камчева била на боледување од 24.03.2010 година до 26.04.2010 година. Судијата Виолета Чинговска била на боледување од 02.03.2010 година до 16.03.2010 година, како и од 27.09.2010 година до 08.10.2010 година. Судијата Маја М. Котевска била на боледување од 04.05.2010 година до 18.05.2010 година, а потоа од 27.05.2010 година до 03.06.2010 година, па од 14.06.2010 година до 14.07.2010 година, како и од 01.09.2010 година до 06.12.2010 година, а од 07.12.2010 година користи породилно отсуство. Судијата Верица Б. Црцаревска била на боледување од 08.03.2010 година до 11.04.2010 година. Судијата Зора Треневска била на боледување од 04.05.2010 година до 18.05.2010 година. Судијата Нада Милчевска била на боледување од 29.06.2010 година до 13.07.2010 година. Судијата Лилјана З. Петревска била на боледување од 06.08.2010 година до 20.08.2010 година. Судијата Весна Калковска била на боледување од 25.05.2010 година до 30.06.2010 година. Судијата Загорка Поповска била на боледување од 23.11.2010 година до 31.12.2010 година.

## IV. <u>Оддел за работни спорови</u>

1. **<u>Претседател на одделот</u>** за работни спорови е судијата Влатко Самарџиски.

2. **<u>Персонални промени</u>**

Судијата Јорданка Клетничка постапува во одделот за работни спорови до 16.06.2010 година, а потоа постапува во одделот за граѓански спорови – мала вредност. Судијата Афрдита Шеху Асани постапува во овој оддел до 13.09.2010 година кога беше избрана за судија во Апелационен суд Скопје. Судијата Лидија Ивановска во овој оддел постапува до 06.12.2010 година кога беше избрана за судија во Управниот суд Скопје.

2. **<u>Кус осврт кон резултатите на одделот</u>**

Бројот на решени предмети (без укинатите предмети) во 2010 година изнесува 1454 предмет, со што продолжува успешната тенденција во решавањето на работните спорови, констатирана и во 2009 година кога се решени 2.031 предмети. Во 2010 година останале нерешени 973 чисто нерешени работни спорови. Во споредба со 2009 година кога останале нерешени 893 нерешени предмети (без укинатите предмети), постои незначително отстапување, со тоа што бројот на нерешени предмети е зголемен за само 80 предмети или за 9%.

Во 2010 година не е совладан приливот на работните спорови (без укинатите предмети) и тоа за само 80 предмети или за 6%. Имено, примени се 1534 предмети, а решени се 1454 предмети.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 325 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје и 7 предмети-укинати од Врховен суд на РМ. Решени се 237 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје, како и 4 предмети- укинати од Врховен суд на РМ. Останале нерешени вкупно се 91 укинат предмет, од кои 88 од Апелационен суд Скопје и 3 од Врховен суд на РМ. Од овие податоци може да се заклучи дека во делот на укинатите предмети е совладан приливот на работни спорови на годишно ниво.

Намален е и бројот на старите нерешени предмети, во кои влегуваат и укинатите предмети. Имено, од вкупно во работа 355 стари предмети во текот на 2010 година, на крајот на декември 2010 година останале нерешени само 71 стари работни спорови со тоа што во текот на годината решени се 284 стари предмети или 80% од старите предмети во работа.

3. **Квалитет на донесените одлуки** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје-Скопје.

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, односно 58 % од одлуките се потврдени, 29,9 % се укинати, 2,7 % се делумно укинати, а 9,4 % се преиначени. Во споредба со податоците за 2009 година (кога 66,5 % од одлуките биле потврдени, 22,8 % од одлуките биле укинати, 1,9% од одлуките биле делумно укинати, а 12,34% од одлуките биле преиначени) постои намалување на процентот на преиначените одлуки, а по останатите основи постојат незначителни отстапувања од утврдените проценти за 2009 година.

5. **Боледувања на судии од одделот**

Судијата Јорданка Клетничка била на боледување од 13.01.2010 година до 20.01.2010 година. Судијата Павлина Попоска била на боледување од 27.10.2010 година до 16.11.2010 година, како и од 03.12.2010 година до 16.12.2010 година.

## V. **Оддел за трговски спорови**

1. **Претседател на одделот** за трговски спорови е судијата Биљана Јанура, а до 14.05.2010 година беше судијата Снежана Таневска.

2. **Персонални промени во одделот**

Судијата Снежана Ѓ. Зекирија со одлука на Судскиот совет на РМ од 17.02.2010 година е избрана за судија на Апелационен суд Скопје. Судиите Улбер Хасани, Гордана Билеска и Софија Спасова со одлука на Судскиот совет на РМ од 22.04.2010 година се избрани за судии на Основниот суд Скопје II Скопје по што се распоредени да постапуваат во овој оддел. .Судиите Нухи Рустеми и Милка С. Дракалска постапуваа во овој оддел до 14.05.2010 година, а потоа продолжија да постапуваат во граѓанскиот оддел-мала вредност.

.

3. **Кус осврт кон резултатите на одделот**

Бројот на решени предмети (без укинатите предмети) во 2010 година изнесува 7.395 предмети, што упатува на успешноста на овој оддел, констатирано и во 2009 година кога биле решени 7.648 предмети. Во 2010 година останале 5492 чисто нерешени трговски спорови(без укинатите предмети). Во споредба со 2009 година кога останале нерешени 5754 предмети(без укинатите предмети), постои подобрување со тоа што бројот на нерешени предмети е намален за 262 предмети или за 5%.

Во 2010 година е совладан приливот на трговските спорови (без укинатите предмети). Имено, примени се 7133 предмети, а решени се 7395 предмети што значи дека решени се 262 предмети повеќе од примените.

.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 199 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје и 17 предмети-укинати од Врховен суд на РМ. Решени се 96 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје, како и 2 предмети- укинати од Врховен суд на РМ. Останале нерешени вкупно 118 укинати предмети, од кои 103 предмети од Апелационен суд Скопје и 15 предмети од Врховен суд на РМ. Од овие податоци може да се заклучи дека во делот на укинатите предмети е совладан приливот на трговски спорови на годишно ниво.

Намален е и бројот на старите нерешени предмети, во кои влегуваат и укинатите предмети. Имено, од вкупно во работа 2132 стари предмети во текот на 2010 година, на крајот на декември 2010 година останале нерешени само 1079 стари трговски спорови со тоа што во текот на годината решени се 1053 стари предмети или 50% од старите предмети во работа.

4. **Квалитет на донесените одлуки** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје-Скопје.

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, односно 74,7 % од одлуките се потврдени, 17,1 % се укинати, 1, 1 % се делумно укинати, а 7,1 % се преиначени. Во споредба со податоците за 2009 година (кога 77,9% од одлуките биле потврдени, 18,2 % од одлуките биле укинати, 1,5 % од одлуките биле делумно укинати, а 2,4% од одлуките биле преиначени) постои подобрување по следниве основи: -за 1,1 % е намален процентот на укинатите одлуки. По однос на останатите основи во табелата постои незначително отстапување од изразените проценти за 2009 година.

**VI. Оддел за стечај и ликвидации**

1. **Претседател на одделот** е судијата Слободан Хаџи Христовски, а до 14.05.2010 година беше судијата Магдалена Бајалска-Ѓорѓиевска.

2. **Персонални промени**

Судијата Сашка Трајковска со одлука на Судскиот совет на РМ од 14.01.2010 година е избрана за судија на Основниот суд Скопје II Скопје по што е распоредена да постапува во овој оддел. .

3. **Кус осврт кон резултатите на одделот**

Бројот на решени стечајни предмети во 2010 година изнесува 1.030 предмети (без укинатите предмети), со што продолжува успешната тенденција во решавањето на

стечајните предмети, констатирана и во 2009 година кога се решени 935 стечајни предмети (без укинатите предмети).

Бројот на решени ликвидациони предмети во 2010 година изнесува 17 предмети(без укинатите предмети). Во 2009 година биле решени 552 ликвидациони предмети, но споредено со 2010 година, овој податок воопшто не упатува на евентуална неуспешност на овој оддел при решавањето на ликвидациите, имајќи во вид дека на крајот на 2010 година останале нерешени само 18 ликвидации(без укинатите предмети).

Во 2010 година останале нерешени 380 чисто нерешени стечајни предмети(без укинатите предмети). Во споредба со 2009 година кога останале нерешени 377 предмети, следува дека постои незначително отстапување на бројот на нерешени предмети во 2010 година и тоа за 3 предмети, односно за 0,8 %. Во 2010 година останале чисто нерешени 18 ликвидациони предмети(без укинатите предмети). Во споредба со 2009 година кога останале нерешени 30 вакви предмети, постои намалување на бројот на нерешени ликвидациони предмети за 12 предмети во 2010 година или изразено процентуално за 40 %.

Во 2010 година во поглед на приливот на стечајните и ликвидационите предмети состојбата е следна. Имено, во 2010 година примени се 1033 стечајни предмети, а решени се 1030 предмети(без укинатите предмети), односно постои незначително отстапување така што решени се 3 предмети помалку од примените. По однос на ликвидационите предмети во 2010 година примени се 5 предмети од овој вид, а решени се 17 ликвидациони предмети(без укинатите предмети), односно решени се 12 предмети повеќе од примените, што во контекст со бројот на решени предмети, како и намалувањето на нерешените предмети, несомнено упатува на фактот за успешноста на одделот за стечај и ликивидации во 2010 година.

Вкупно за двата вида предмети совладан е приливот и тоа примени се 1038 предмети, решени се 1047 предмети од двата вида (без укинатите предмети) односно совладан е приливот за 101 %.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 3 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Решен е 1 предмет-укинат од Апелационен суд Скопје.Останале нерешени вкупно 2 укинати предмети од Апелационен суд Скопје.

Намален е и бројот на старите нерешени предмети, во кои влегуваат и укинатите предмети. Имено, од вкупно во работа 203 стари предмети во текот на 2010 година, на крајот на декември 2010 година останале нерешени 153 стари предмети со тоа што во текот на годината решени се 50 стари предмети или 25% од старите предмети во работа.

4. **Квалитет на донесените одлуки** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје-Скопје.

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, односно 90 % од одлуките се потврдени, а 10 % се укинати. Во споредба со 2009 година (кога 91,7 % од одлуките биле потврдени, 8,38 % биле укинати, а немало делумно

укинати и преиначени одлуки), постои минимално незначително отстапување и тоа кај потврдените одлуки за 1,7% и кај укинатите одлуки за 1,62%, кое не влијае на квалитетот на донесените одлуки во одделот.

## VII . <u>Оддел за оставински и вонпроцесни предмети</u>

1.**<u>Претседател на одделот</u>** е судијата Поликсена Антиќ.

2 **<u>Кус осврт кон резултатите на одделот</u>**

2010 година овој оддел ја започна со 4.294 нерешени предмети(без укинатите предмети) по сите основи. Во текот на 2010 година примени се вкупно 16.578 предмети-заверки, договори, замолници, оставини, физички делби и останати ВПП предмети, а решени се вкупно 16.157 предмети(без укинатите предмети), со што приливот на годишно ниво не е совладан за само 3 %.

Од решените 16.157 предмети по видови на предмети(без укинатите предмети) решени се 7.464 - заверки, потоа 154 - Зав-НД-договори, 379 - замолници, 4.340 - оставини, 235 - физички делби и 3.585 - останати ВПП предмети. Од решените 4.340 оставински предмети, 4.183 се решени од нотарите, а 157 од судиите од овој оддел. Имено, оставинските предмети сметано од март 2008 година во согласност со член 131, член 132 став 1, член 135 и член 141 од Законот за вонпарничната постапка („Службен весник на РМ“ бр.9/08 од 18.01.2008 година) се доверуваат на постапување на нотарите како судски повереници, со седиште на подрачјето на Основниот суд Скопје II Скопје. Оставинските предмети на нотарите им се доделуваат рамномерно според азбучниот редослед на нивните презимиња.

Споредено со 2009 година кога биле решени 17.654 предмети, следува дека бројот на решени предмети е намален за 1.497 предмети или за 10 %.

Во 2010 година останале 4.715 чисто нерешени предмети. Во споредба со 2009 година кога останале 4.292 нерешени предмети (без укинатите предмети), постои незначително зголемување на бројот на нерешените предмети и тоа за 423 предмети или за 9 %.

Од особено значење за успешноста на овој оддел е што од овие 4.715 предмети, само 900 се нерешени предмети(без укинатите предмети) во работа кај судиите, а останатите 3.815 предмети се нерешени оставински предмети доверени во работа на нотарите.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 54 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Решени се 27 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Останале нерешени вкупно 27 укинати предмети од Апелационен суд Скопје.

Намален е и бројот на старите нерешени предмети, во кои влегуваат и укинатите предмети. Имено, од вкупно во работа 397 стари предмети во текот на 2010 година, на крајот на декември 2010 година останале нерешени 169 стари предмети со тоа што во текот на годината решени се 228 стари предмети или 58% од старите предмети во работа.

3. **Квалитет на донесените одлуки** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје.

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, односно 74,2 % од одлуките се потврдени, а 24,1 % се укинати, а 1,7% се делумно укинати, а преиначени нема. Во споредба со податоците за 2009 година кога 75 % од одлуките биле потврдени, 24% биле укинати, а 1% биле делумно укинати следува дека постои незначително отстапување од изразените проценти за 2010 година.

## VIII . Оддел за извршни предмети

1. **Претседател на одделот** е судијата Весна Богдановска.

2 .**Персонални промени во одделот**

Судијата Емилија Шопар Јовановска со одлука на Судскиот совет на РМ од 14.01.2010 година е избрана за судија на Основниот суд Скопје II Скопје по што е распоредена да постапува во овој оддел се до 01.09.2010 година кога е прераспоредена во одделот за граѓански парнични предмети. Судијата Благица Ѓошевска од Основниот суд Крива Паланка и судијата Надица Марковска од Основниот суд Кратово со одлука на Судскиот совет на РМ од 14.01.2010 година се времено упатени најдолго од 1 година да постапуваат во овој суд и се распоредени во овој оддел.

3 **.Кус осврт кон резултатите на одделот**

2010 година овој оддел ја започна со 307.468 нерешени извршни предмети(без укинатите предмети). Во текот на 2010 година примени се вкупно 239 нови предмети, а решени се 15.721 предмети(без укинатите предмети), со што е совладан приливот на годишно ниво.

На крајот на декември 2010 година останале нерешени 291.986 предмети(без укинатите предмети). Во споредба со 2009 година кога останале нерешени 307.468 предмети, следува дека бројот на нерешени предмети е намален за 15.482 предмети(без укинатите предмети) или за 5 %.

Во текот на 2010 година судиите од овој оддел постапуваа и по Р.врм предмети, кои се оформуваат по барања за издавање на привремени мерки, односно барања за обезбедување на побарувања согласно со Законот за обезбедување на побарувањата, а кон кои барања не е истакнато главно тужбено барање, како и по ППНИ-ИПК предмети согласно новиот Закон за извршување.

ППНИ-ИПК предметите во 2010 година биле вкупно во работа 23, од кои 11 од нив се решени, а 12 останале нерешени. Р.врм предметите во 2010 година биле вкупно во работа 246(без укинатите предмети), од кои 217(без укинатите предмети) од нив се решени, а останале нерешени 29(без укинатите предмети) предмети од овој вид. Во споредба со 2009 кога биле решени 205 Р.врм предмети следува дека постои зголемување на бројот на решени предмети за 12 предмети или за 6 %.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 37 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Решени се 19 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Останале нерешени вкупно 18 укинати предмети од Апелационен суд Скопје.

4. **Квалитет на донесените одлуки** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје.

Соодносот на вратените извршни предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, 31 одлука односно 55,4 % од одлуките се потврдени, 23 одлуки односно 41 % од одлуките се укинати, а 2 одлуки односно 3,6% од одлуките се преиначени. По однос на ППНИ-ИПК предметите, 3 одлуки односно 100% од одлуките се потврдени, а по однос на Р.врм предметите, 40 одлуки односно 65,6% се потврдени, 20 одлуки односно 32,8 % се укинати, а 1 одлука односно 1,6 % е преиначена.

## IX. Оддел за платни налози

1. **Претседател на одделот за платни налози** е судијата Ирена Ангелова Костадинова, а до 14.05.2010 година беше судијата Лидиа Мирочевиќ Гаврилоска.

2. **Персонални промени**

Судијата Лидиа Мирочевиќ Гаврилоска постапуваше до 03.06.2010 година кога замина во старосна пензија.

3. **Кус осврт кон резултатите на одделот**

2010 година овој оддел ја започна со 239.573нерешени платни налози(без укинатите предмети), од кои 1.310 платни налози по приговор, а останатите 238.263 се обични платни налози. Во текот на 2010 година примени се вкупно 133.565 предмети, од кои 2.145 се платни налози по приговор, а 131.420 предмети се обични платни налози. Решени се 338.873 обични платни налози(без укинатите предмети), како и 1.588 платни налози по приговор(без укинатите предмети).

На крајот на декември 2010 година останале нерешени 32.677 предмети(без укинатите предмети), од кои 30.810 обични платни налози и 1.867 платни налози по приговор. Од изложеното следува дека во овој оддел е совладан приливот и постои значително намалување на нерешените предмети.

Овој факт упатува на голема успешност на овој оддел, имајќи во вид дека во 2010 година решени се вкупно 340.461 предмети(без укинатите предмети), што е за 290.619

платни налози повеќе од претходната 2009 година или за 86% се решени повеќе предмети. Ова се надоврзува и на успешната тенденција констатирана и во 2009 година, кога се решени 35,99% повеќе предмети во споредба со 2008 година.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети во работа е следна. Имено, вкупно во работа биле 78 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Решени се 43 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Останале нерешени вкупно 35 укинати предмети од Апелационен суд Скопје.

Во текот на 2010 година решени се вкупно 103.581 стари предмети.

Во овој оддел постапува и судијата Ирена Ангелова Костадинова, која покрај по платни налози постапува и по предмети поврзани со политичките партии, регистрации на цркви, верски заедници и религиозни групи, а до 01.10.2010 година по ваквите предмети постапуваше судијата Маргарита Тошанова.

По однос на овие предмети во текот на 2010 година во работа биле 15 предмети од овој вид, од нив решени се 13 предмети, со тоа што на крајот на декември 2010 година останале нерешени само 2 такви предмети.

Во 2010 година состојбата со укинатите предмети од овој вид е следна. Имено, вкупно во работа биле 2 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Решени се 2 предмети-укинати од Апелационен суд Скопје. Нерешени укинати во работа нема.

4.**Квалитет на одлуките** од аспект на постапувањето на Апелациониот суд Скопје.

Соодносот на вратените предмети по жалба од Апелациониот суд Скопје е следен, односно 77,8 % од одлуките се потврдени, а 20,7 % се укинати и 1,5 % се преиначени.

5.**Боледување на судии од одделот**

Судијата Маргарита Тошанова била на боледување од 29.09.2010 година до 04.10.2010 година. Судијата Зденка Сибиновска била на боледување од 27.10.2010 година до 27.12.2010 година.

## X. Број на вработени, кадровска состојба

### 1. Број на судии

2010 година судот ја заврши со 79 судии, 4 помалку од предвидените 83 судиски места за овој суд. Имено, 3 судиски места останаа непополнети до крајот на декември 2010 година, а на судијата Ханиф Зендели Судскиот совет на РМ со решение број 07-1259/1 од 26.05.2009 година му утврди мирување на судиската функција во Основниот суд Скопје II Скопје, сметано од 08.05.2009 година, за време додека тој ја врши функцијата претседател на Основен суд Тетово.

2. **Раководни судски и стручни судски службеници**

Од групата на раководни судски службеници во судот се предвидени 4 работни места: Судски администратор, Раководител на оддел-управител на судска писарница, Раководител на одделение за материјално-финансиско работење и Раководител на одделение за човечки ресурси. Од овие 4 места пополнети се само работните места за Судски администратор и Раководител на одделение за материјално-финансиско работење.

2010 година судот ја заврши со 45 стручни судски службеници, за 51 помалку од предвидените 96 работни места од оваа група.

Во судот работат 3 судски советници и 1 судски советник-инжењер информатичар. Еден судски советник работи со претседателот на судот на поплаки, претставки, како и на барањата за изземања, а 2 советници работат во одделот за граѓански парнични предмети. Во судот работат 2 Виши судски соработници и 1 виш судски соработник-аналитичар. Непополнети се 6 работни места за судски советници, потоа 8 работни места за виши судски советници и 8 работни места за виши судски соработници.

Во судот работат 29 судски соработници, 21 помалку од предвидените 50 места. Непополнети се две работни места за судски соработници-толкувачи. Пополнети се 4 работни места за судски помошници, а 6 места од оваа група се непополнети. Од 25.12.2006 година во судот работат и еден судски соработник-преведувач и 4 судски помошници-преведувачи.

2. **Стручно-административни судски службеници**

Според Правилникот за систематизација на работните места во овој суд предвидени се 211 вакви работни места. Од овие места пополнети се 193, а непополнети се 18.

4. **Вработени кои вршат административно технички и помошни работи**

Според Правилникот за систематизација предвидени се 44 вакви работни места. Од овие работни места пополнети се 22, а 22 работни места се непополнети.

5. **Судска полиција**

Според Правилникот предвидени се 12 работни места, од кои 7 се пополнети, а 5 се непополнети.

**XI. Оддел за сметководство–Материјално-финансиска состојба на судот.**

Одобрените средства со годишната распределба за 2010 година изнесуваат 174,334,572,00 денари од кои за плати и надоместоци 157.536.913,00 денари, а останатите 16.797.659,00 денари за стоки и услуги. По ставки(видови трошоци) Буџетот изгледа вака:

| | Одобрен Буџет за 2010 | Реално потребен буџет за 2010 |
|---|---|---|
| Ставка 420-Патни трошоци | 18.000,00 | 170.000,00 |
| Ставка 421-кому.услуги и трансп | 6.132.793,00 | 10.247.000,00 |
| Ставка 423-Материјали | 1.800.000,00 | 6.000.000,00 |
| Ставка 424-Одржување | 346.619,00 | 910.000,00 |
| Ставка 425-Договорни услуги | 3.078.621,00 | 12.770.000,00 |
| Ставка 426-др. Тековни расходи | 200.000,00 | 200.000,00 |
| Ставка 427-Привремени враб. | 5,080,000,00 | |
| Ставка 464-Разни трансвери | 141,626,00 | |
| Вкупно | 16.797.659,00 | 30.297.000,00 |

.Исто така од приходната сметка 631-12 имавме средства во износ од 3.369.000,00 денари. Овие средства се сопствени приходи на Судот од закупнини, услуги за фотокопир судски паушали и др. По разгледувањето на годишните сметководствени извештаи од одделот за сметководство заклучивме дека исто како и буџетото за 2009 , така и Буџетот за 2010 година е намален во споредба со Буџетот за 2007 година за 55%, а при тоа обемот на работата е поголем.За овој проблем Судот со неколку дописи го известуваше СБС, односно ја бараше причината поради која уназад 3-4 години одобрените Буџети се драстично помали од реално потребните, а кои уредно се побарани од наша страна во Предлог буџетските пресметки( и табеларни и писмено образложение). Поради вака одобрениот Буџет за 2010 година во тековното финансиско работење на Судот се појавија следниве проблеми:

**Ставка 420**

Исто како и во претходните години (2008 и 2009 година) и во 2010 година одобрените средства за патни трошоци се минимални и изнесуваа 18.000,00 денари. Овој износ кога ќе се спореди со бројот на судиите (83 судии) не може да ги покрие ни реалните патни трошоци за 4 месеци, а камоли за цела година. Од тие причини во 2010 година на терет на судот не беше реализирано ниту едно патување.

**Ставка 421**

Во 2010 година Судот имаше буџет за исплата на комунални услуги во износ од 6.132.793,00 денари , а пристигнати фактури за 11,000.000,00 денари. Така што сметките за комунални услуги за 09,10,11 и 12 2010 година останаа неплатени. Ова подразбира дека Судот во секој момент може да биде исклучен од користење на комунални услуги, односно да се попречи нормалното работење во Судот. Од овие причини апелираме Буџетот за 2011 година да биде одобрен согласно нашата Предлог буџетска пресметка за 2011 година.

**Ставка 423-Материјали**

Со Буџетот за 2010 година на оваа ставка ни беа одобрени средства во износ од 1.800.000,00 денари. Вака одобрените средства во споредба со 2009 се помали за 420.000,00, а за 50% помали од Буџетите во претходните 3 години(2006,2007 и 2008). Со овие средства Судот не може нормално да функционира, бидејќи со нив може да се покријат само 50% од реалните потреби. Од тие причини склучените 3 договори по тендери за хартија, тонери и печатени материјали не успеавме во целост да ги реализираме, што подразбира дека во 2011 година стартуваме со неизмирени фактури од 2010 година во износ од 850.000,00 денари.Ова ќе биде доста сериозен проблем доколку и Буџетот за 2011 година биде на исто ниво со 2010. Во тој случај ќе дојде до натрупување на обврските, и до неиспорачување на материјалот од страна на добавувачите, со што ќе се доведеме во ситуација на хроничен недостиг од потрошен канцелариски материјал.

**Ставка 424-одржување на зграда и опрема**

За разлика од претходната ставка, на оваа ставка судот се соочи со проблеми при реализирање на достасаните обврски поради недоволно одобрени средства. Имено, на оваа ставка одобрени ни беа 346.620,00 денари, а од истата се исплаќаат голем број на потставки, како што се одржување на мрежни копири (годишно се потребни околу 180.000,00 денари, одржување на софтвер за судски депозит (годишно се потребни 42.000,00 денари), одржување на службени возила (годишно се потребни околу 150.000,00 денари) и останати поправки на објектот и опремата ( годишно се потребни приближно 200.000,00 денари). Од горенаведеново произлегува дека судот не ги реализира сите достасани фактури за 2010 година и истите се префлени како обврска во 2011 година.

**Ставка 425-договорни услуги**

Од оваа ставка во 2010 година судот исплатуваше поротници, вештачења и надомест за работа по догово за дело за 17 вработени. Имено, во 2010 година судот имаше вработени по договор на дело 56 од кои за 39 добивме согласност од МФ за привремено вработување преку Агенција за вработување. Останатите 17 вработени со договор за дело останаа на терет на судот. Тоа подразбира дека судот од материјалните средства за работа успеа да ги исплати овие вработени само за шест месеци, и тоа 8.200,00 денари нето плата и 10% персонален данок. За останатите три месеци колку што работеа во 2010 година судот немаше средства да ги исплати па поради тоа на оваа ставка имаме неизмирени обврски за исплата на овие вработени за три месеци во вкупен износ од 400.000,00 денари.

Исто така, посебно напоменуваме дека од овие 17 вработени 13 бевме принудени да ги испуштиме поради недостик на финансиски средства, а останатите 4 од кои 2 хигиеничарки и 2 дактилографки моравме да ги задржиме бидејќи беа неопходни за нормало функционирање на судот и за истите во 2011 година бараме согласност од МФ за привремено вработување преку Агенција за вработување.

Во врска со функционирањето на АБМС сметководствениот програм, посебно потенцираме дека со префрлување на серверот од Врховниот суд на РМ во Судски совет на РМ имаме проблеми со конекција и брзина во користење на програмот. Од јуни 2009 година до октомври 2009 година програмот воопшто не работеше, а од октомври 2009 година па до крајот на годината, програмот работи многу бавно, посебно при барање на одреден извештај, што многу се одрази во тековното работење и носење на адекватни одлуки од страна на менаџерскиот тим на судот.

Истата тенденција продолжува и во 2010 година, односно повторно и во 2010 година се судривме со истите проблеми при функционирањето на АБМС-то како и во претходната година, а тоа е бавноста на програмот, губење на конекција, неработење во одредени денови итн.

## XII. <u>Клучни активности во 2011 година</u>

Во 2011 година судот ќе настојува да ги спроведе планираните судски реформи во најкус рок и ќе продолжи со настојувањето во својата работа доследно да ги остварува начелата на уставност и законитост. Планирани се активности за целосна примена на новите измени во ЗПП и на другите реформски закони, како и залагање за доследна примена на сите закони во својата работа.

Во 2011 година ќе започне примената на Законот на управување со движењето на предметите, а овој суд ќе ги вложи сите напори за практична примена на овој закон.

Посебен акцент судот ќе посвети на решавањето на старите нерешени предмети, подобрување на ефикасноста и намалување на времетраењето на постапките, како и на квалитетот на одлуките, а ќе продолжи да ја следи и позитивната тенденција во однос на зголемувањето на бројот на решените предмети.

Судот ќе настојува да се подобри работењето со АКМИС-от и движењето на предметите во 2011 година да биде комплетно автоматизирано.

Во 2011 година ќе продолжат напорите за постојано стручно усовршување на судиите, со тоа што оваа година посебен акцент ќе се стави на стручното усовршување на администрација.

Со трансферирањето на извршните предмети и платните налози кај извршителите, односно нотарите, судот во 2011 година ќе може целосно да се посвети на решавањето на спорните граѓански предмети во што покуси рокови, со доследно почитување на материјалното и процесното право и основните права на граѓаните.

**01 - Су.бр. 2/2011** — **Претседател на судот,**
**31.01.2011 година** — **Беќир Шаини**